Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 30.10.2025 година од НЛБ Банка АД Скопје, преку Тамара Илиева, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

02-6069/1
13.11.2025

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од НЛБ Банка АД Скопје, преку Тамара Илиева, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот НЛБ Банка АД Скопје, преку Тамара Илиева да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис, по електронска пошта.

### Образложение

Барателот на информацијата – НЛБ Банка АД Скопје, преку Тамара Илиева на ден 30.10.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое ги бараат следните информации од јавен карактер:

1. информација до каде е постапката за одобрување/зголемување на капацитетот за приклучување на трансформаторската станица ТС 110/35/10 КВ Берово како и доколку постапката сè уште е во тек, дали има временски рок кога ќе се заврши
2. информација до каде е постапката за одобрување/зголемување на капацитетот за приклучување на трансформаторската станица ТС 110/35/10 КВ Овче Поле како и доколку постапката сè уште е во тек, дали има временски рок кога ќе се заврши
3. информација до каде е постапката за одобрување/зголемување на капацитетот за приклучување на трансформаторската станица ТС 110/35/10 КВ Радовиш како и доколку постапката сè уште е во тек, дали има временски рок кога ќе се заврши

Информацијата ја бараат во фотокопија/ електронски запис, по е-маил/ пошта.

Во врска со горенаведените прашања го даваме следниот одговор:

Со стапувањето во сила на Законот за енергетика („Службен весник на РСМ", бр. 101/25 и 135/25), надлежноста за одобрување и координирање на процесот за приклучување на нови енергетски објекти е променета.

Согласно Законот, постапката за изградба на енергетски објекти и нивно приклучување се координира во **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС)** преку изработка на **Годишниот план за изградба на енергетски објекти**.

Улогата на АД МЕПСО како оператор на електропреносниот систем **во однос на издавањето на согласности за приклучување на објекти кон операторот на дистрибутивниот систем** е дефинирана согласно **Член 101, став 10 од Законот за енергетика**, кој предвидува:

**„По усвојување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти или негово ажурирање, операторот на електропреносниот систем во рок не подолг од 30 дена, на операторот на дистрибутивниот систем му издава согласности за приклучување за објектите со Годишниот план за изградба на енергетски објекти."**

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Doc. Dr. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива